22163-Д

НОВА МАКЕДОНИЈА
15 АПРИЛ 1975 ГОД.
СТРАНИЦА 8

### УСВОЕНО ИДЕЈНО РЕШЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА НА СПОМЕНИКОТ ОД НОВ ВО СТРУГА

# ДЕЛО ШТО ЌЕ ЈА ОВЕКОВЕЧИ БОРБАТА НА ОВОЈ КРАЈ

Струга, април

Идејата за изградба на споменик на паднатите борци од НОВ и Револуцијата во Струга и Струшко е стара петнаесеттина години. Уште на свечената седница на Општинското собрание во 1959 година, по повод петнаесеттодишнината од ослободувањето беше донесена одлука за изградба на спомен-костурница. Подоцна место тоа беше донесена одлука да се гради споменик.

Оваа идеја беше актуелизирана пред неколку години. За да се добие вистинско идејно решение на споменикот, кој би ја симболизирал Револуцијата и овековечил борбата и придонесот на овој крај во НОВ, беа распишани дури три конкурса. На првиот конкурс пристигнаа само 7 идејни решенија, но ниту едно не ги задоволи критериумите. Вториот беше знатно поуспешен, но и со тоа не се најде вистинското решение. Пристигнаа 14 идејни решенија, а беа доделени втора и трета награда. Дури на третиот конкурс, на кого пристигнаа најмногу идејни решенија, се чини, се најде вистинското решение.

Стручната комисија во состав на академскиот сликар Вангел Коџоман (претседател) инж. арх. Драган Пљакоски, инж. агр. Мимоза Томиќ, дипломираниот историчар на уметноста Антонија Николоски и дипломираниот историчар Стефо Беле, донесоа едногласна одлука првата награда во износ од 20.000 динари да му се додели на ликовниот уметник од Белград Воислав Василевиќ. Комисијата додели и една втора награда во износ од 15.000 динари, која ја доби академскиот скулптор Драган Попоски — Дада и дипл. инж. архитект Звонимир Никулски. Подоцна, предлогот на Комисијата беше целосно прифатен од страна на Одборот за изградба на споменикот.



Макетата за Споменикот на паднатите борци во Струга

По мислење на Комисијата, идејното решение на Воислав Василевиќ претставува нагласена вертикална симболична скулптура која органски е поврзана со партерот. Со извонредното партерно решение и скулптура, што претставува спој на вонредно убави фигури, тој на најдобар начин го симболизира напорот и ги овековечува жртвите од овој крај. Височината на скулптурата изнесува 9,15 метри и е достапна од сите страни.

Комисијата, меѓу другото, предлага решението да се збогати со извесни ликовни апликации на надворешната страна, а во внатрешните да бидат испишани имињата на 163-те борци од овој крај загинати во НОВ.

Според првите пресметки, изградбата на Споменикот ќе чини околу 800 илјади динари, а ќе почне да се гради веднаш по изготвувањето на главниот проект. Желба на стружани е да биде готов за 8 ноември годинава.

Инаку, Споменикот е дело на сите граѓани од општината. За неговата изградба со доброволни прилози учествуваа работните луѓе, пензионерите, учениците и останатото население. Покрај тоа организациите на здружен труд потпишаа и самоуправна спогодба за нивно учество со средства. На пример, само Хидроцентралата „Глобочица“ учествува со 300 илјади динари, Фабриката „Стружанка“ со 50 илјади и др.

В. Цветаноски